Архивски број: 08-714/12
Датум: 01-12-2023

По претставката бр. 08 – 714/1 од 26.09.2023 година, поднесена од [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на политичка припадност и други видови уверување во областа на работата и работните односи против директорот на [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 01.12.2023 години, го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**за запирање на постапката**

**СЕ ЗАПИРА** постапката за заштита од дискриминација поведена со претставка бр. 08 – 714/1 од 26.09.2023 година **заради повлекување на претставката од подносителката** [redacted].

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од подносителката [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на политичка припадност и други видови уверување во областа на работата и работните односи против директорот на [redacted]

Подносителката на претставката на 29.11.2023 година, со електронско известување заведено под број 08 – 714/11, ја извести Комисијата за спречување и заштита од дискриминација дека ја повлекува поднесената претставка.

**Согласно член 27, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Комисијата носи заклучок за неповедување или за запирање на постапката доколку подносителот одлучи да ја повлече претставката во текот на постапувањето.“*

Поради наведеното Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја запре постапката за заштита од дискриминација.

Скопје,
01.12.2023 година

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република
Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of
North Macedonia
+389 23232368,
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Доставено до:

- Катерина Салтирова Панчевска со адреса на бул. „АСНОМ" бр. 104/5 – 3, 1000 Скопје
- ДУЦОР Партенија Зографски – директор Милисав Јовановски со седиште на ул. „Благоја Стефковски" бр. 45, 1000 Скопје